АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27-04.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2175 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** 22 април 2018 година, издание на емисијата „Куќа на фудбалот" 22:38:10 – 22:56:19

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 април 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (посебни забрани)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор извршен по барање на член од Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 22 април 2018 година, на државно ниво, е **констатирано дека нема прекршување на член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**.

Предмет на надзор беше изданието на емисијата „Куќа на фудбалот" емитувано на ТВ 24 Вести на 22 април со почеток во 22 часот и 38 минути. Емисијата е реализирана како интервју со двајца играчи на фудбалскиот клуб Шкендија, Костадин Захов и Благоја Тодоровски.

Поводот за гостувањето на играчите на Шкендија во оваа емисија е освоената титула во Првата македонска фудбалска лига и начинот на кој фудбалерите и стручниот тим на Шкендија славеа во соблекувалната на Националната арена Филип Втори по победата над фудбалскиот клуб Вардар на 18 април 2018 година.

Емисијата „Куќа на фудбалот" е актуелно-информативна емисија со спортска тематика од независна продукција. Водител на оваа емисија е портпаролот на Фудбалската федерација на Македонија Златко Андоновски. Тој изданието на емисијата веднаш го започна со отворање на прашањето за тоа како беше прославена победата на Шкендија и дали гостите во студиото би го повториле истото скандирање

при што вели: *„Наши вечерашни гости, двајцата фудбалери на новиот првак во Македонија, фудбалскиот клуб Шкендија. Костадин Захов, Благоја Тодоровски. Ви благодарам што сте во 'Куќа на фудбалот' во денот кога и официјално ја освоивте новата титула во македонската прва фудбалска лига. Шкендија славеше против Шкупи денеска со 2:0. Сега сте на 26 бода во однос на второпласираниот Вардар. Премногу, па дури и за јавноста која не толку многу го прати македонскиот фудбал. И бидејќи минатата седмица видовме на кој начин се израдуваа фудбалерите на Шкендија и дел од екипата во соблекувалната на Вардар, таа експлицитна содржина еве со сиот ризик и јас да имам некоја санкција, би можеле да ја повторите и тука, доколку сметате дека е во ред.“*

Костадин Захов на прашањето на водителот одговара: *„Ви благодарам на поканата и мислам дека повеќе од заслужено е освоеното прво место, сега нели математички. И игравме мислам дека најдобра сезона на Шкендија досега. Не е малку 26 бода да се биде пред Вардар кој покажа и направи историја, влезе во групата на Лига Европа. Така да сите ние во клубот сме задоволни, се надеваме дека ќе го оставиме и шлагот на тортата со освоениот куп на 23 мај против Пелистер. Така да, сето друго што се случило што го спомнавте на крај во соблекувалната, мислам дека тоа е...“*

Златко Андоновски реагира на ова и вели: *„Свесно го одбегнувавте во првиот дел од одговорот веројатно.“*

Капитенот Захов продолжува со својот одговор: *„Не, не, тоа за крај го оставам за да бидеме на чисто. Најмалку го оправдувам тоа, мислам дека такви работи не треба да се дешаваат. И ако сакаме ние како фудбалери јавноста да не почитува и сите луѓе кои доаѓаат на стадионот, мораме ние да се респектираме фудбалерите најпрво помеѓу нас. Значи имаме добар пример, пример на телевизиите каде што сите фудбалери се почитуваат и без разлика што се дешава на теренот. Кога ќе заврши натпреварот мора да ја подигнеме свеста на повисоко ниво и јас исто го осудувам тој чин иако бев дел од истиот. Но, еве, секој греши и мислам дека јавно треба да се извиниме за тоа и да бидеме џентлмени до крај и да покажеме дека не е тоа правото лице на Шкендија. Имаме многу работи позитивни за кои можеме да зборуваме.“*

На ова се надоврзува и Благоја Тодоровски: *„Да се надоврзам, значи, со Захов. Како што кажа и он може во моментот во таа радост се случи тоа, ама пак ќе кажам дека тоа е грешка. Грешка на сите играчи. Јас мислам дека тоа нема понатака да се повторат тие работи, зошто Шкендија е стварно голем клуб и не заслужува да се случуваат такви работи.“*

По ова водителот го заокружува овој дел од разговорот и продолжува со разговор на теми кои се однесуваат за играта на теренот на Шкендија и нивните успеси во лигата: *„Апсолутно, сите треба да се однесуваат на поинаков начин, спортски, седно дали во победа или во пораз.“*

Водителот Златко Андоновски при завршните зборови со кои ја одјавува емисијата вели: *„Ви благодарам што бевте во 'Куќа на фудбалот'. Јас се надевам дека ќе имате многу успеси седно на кој терен играте. Ви благодарам за пораката која што ја пренесовте, а се однесува на вашите соиграчи коишто славеа на индијански начин во соблекувалната на Вардар. Почитувајте го противникот, на крајот тоа е најбитно бидејќи секој се бори за победа, поинаку не може да биде“.*

При анализата на ова издание на „Куќа на фудбалот“, важно е да се напомене дека јавноста преку видео снимка, објавена од еден од фудбалерите на Шкендија на социјалните мрежи, имаше директна можност да посведочи за каков настан станува збор без да има простор за дополнителни толкувања и интерпретации. Андоновски, на почетокот и на крајот од емисијата, сака да ги соочи гостите со нивното

однесување и да добие одговор дали повторно би ја прославиле победата над ФК Вардар на начинот на кој тоа го направиле во соблекувалната на Вардар. Обајцата гости во студиото, Благоја Тодоровски и Костадин Захов, кој воедно е и капитен на екипата, ја преземаа одговорноста за своето учество во настанот и јавно се извинија за постапките кои беа осудени од пошироката јавност.

Појавата на недолично однесување за време и по спортските натпревари е тема од јавен интерес и сосема е легитимно да се разговара за неа, особено со личности кои учествувале во таков настан и кои го осудуваат.

Водителот, на крајот од емисијата ја користи синтагмата „на индијански начин" сакајќи да означи дека начинот на кој фудбалерите и стручниот штаб на Шкендија ја прославиле победата бил нецивилизиран. Оваа синтагма се потпира на еден од стереотипите на раните европски доселеници на тлото на Северна Америка за тоа дека припадниците на индијанските племиња, кои дотогаш го населувале континентот, биле нецивилизирани. Оттаму, потребно е да се потсети дека новинарите и водителите на програми не треба да употребуваат стереотипи, без оглед од каде потекнуваат.

При вонредниот надзор беше земен предвид ставот на Европскиот суд за човекови права според кој заштитата на слободата на изразување, гарантирана во член 10 од Европската конвенција за човекови права е применлива „не само за 'информациите' или 'идеите' кои поволно се примаат или не се сметаат за навредливи или пак се сметаат за индиферентни, туку и за оние кои ја навредуваат, шокираат или ја вознемируваат државата или кој било дел од населението"[1]. Притоа беше констатирано дека во изданието на емисијата „Кука на фудбалот" емитувано на 22 април 2018 не е искажан говор насочен кон одредена етничка, национална или друга група, а кој може да се смета за дискриминаторски или пак за говор на омраза.

8. **Опис на прекршувањето:**

/

9. **Предлог:**

/

***Сектор за програмски работи***

[1] Случај Хендисајд (Handyside) против Велика Британија, European Court of Human Rights "Fact sheet – hate speech", март 2017, достапно на: http://www.echr.coe.int/Documents/FS_Hate_speech_ENG.pdf